КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KINOTEKA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
CINEMATHEQUE OF REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

www.kinoteka.mk

MEMBER OF FIAF

Ул. Никола Русински бр.1 п.фах 16, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел: +389 2/ 3071-814, 3071-815, факс: + 389 2/ 3071-813

Rr. Nikolla Rusinski nr. 1 p.faks 16, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2/ 3071-814, 3071-815, faks: +389 2/ 3071-813

Nikola Rusinski 1 P.O.box 16, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
tel: +389 2/ 3071-814, 3071-815, fax: + 389 2/ 3071-813

Бр. 04-628/15
11.7.2025

Врз основа на член 77-ж став 1 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 23 став 2 од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.167/15 - преч.текст, 27/16 и 120/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21и 111/23), како и член 8 и 9 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас бр. 01-688/1 од 19.06.2018 година, и неговата измена бр.01-429/1 од 16.05.2025 година, Правилникот за пополнување на работни места за даватели на јавни услуги и лица од помошно-технички кадар во НУ Кинотека на Република Северна Македонија со бр.01-689/1 од 19.06.2018 година и неговата измена бр. 01-430/1 од 16.05.2025 година, а согласно Записникот за административна селекција бр. 04-621/12 од 09.07.2025 година, Записникот од интервју бр. 04-621/13 од 10.07.2025 година и Ранг листа бр. 04-621/14 од 10.07.2025 година од Комисијата за спроведување на постапката за вработување донесувам

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат по Јавен оглас бр.02/2025 за вработување на билетопродавач

1. За извршител на работната позиција билетопродавач, со шифра на работно место
   1. КУЛ 04 01 Б01 002, се избира кандидатот

      - Дарко Ѓошовски

2. По конечноста на Одлуката за избор ќе се донесе решение за вработување и со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување на неопределено време.
3. Одлуката за избор да се достави до кандидатот, да се објави на Огласна табла и на веб страницата на Кинотека.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на Годишниот план за вработување на НУ Кинотека на РСМ за 2025 година, бр. 04-587/1 од 15.08.2024 година, како и согласно Известувањето од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства за вработување на (1) билетопродавач на неопределено време, бр.19-6626/2 од 17.06.2025 година (наш бр. 04-517/2 од 20.06.2025 година), како и одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас бр. 01-688/1 од 19.06.2018 година, и неговата измена бр.01-429/1 од 16.05.2025 година, и Правилникот за пополнување на работни места за

даватели на јавни услуги и лица од помошно-технички кадар во НУ Кинотека на Република Северна Македонија со бр.01-689/1 од 19.06.2018 година и неговата измена бр. 01-430/1 од 16.05.2025 година, НУ Кинотека на Република Северна Македонија објави оглас за вработување на 1 (еден) билетопродавач, на неопределено време.

На Јавниот оглас беа пристигнати две пријави. По извршената административна селекција, беше утврдено дека една од пријавите не ги исполннува условите утврдени во јавниот оглас, поради несоодветно образование, и поради тоа не ја поммина првата фаза – административна селекција, односно не продолжи во следната фаза – интервју. Втората пријава беше уредна и комплетна и кандидатот ја помина административната селекција.

Комисијата спроведе административна селекција на пријавениот кандидат, за што беше составен Записник бр. 04-621/12 од 09.07.2025 година, а на ден 10.07.2025 година, беше спроведено интервју со кандидатот, за што беше составен Записник бр. 04-621/13 од 10.07.2025 година.

Врз основа на спроведената постапка, беше изготвена Ранг-листа на кандидати бр. 04-621/14 од 10.07.2025 година

Врз основа на горенаведеното, се изврши избор како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Управниот одбор на Кинотека, во рок од 8 (осум) дена, по нејзиниот прием.

**Директор**
Бошко Грујоски

Доставено до:
- Именуваниот
- Досие
- Огласна табла
- Архива